# Извештај за учество на собранија на акционери

## А) Општ дел:

Листа на издавачи чии хартии од вредност се стекнати со средства на пензиските фондови со кои пензиското друштво управува кои одржале собранија на акционери за месец декември 2008 година.

| | | Учество во % на вложувањата во соодветниот издавач во однос на: | |
|---|---|---|---|
| | Компанија | Вредност на пензиските фондови | Вкупно издадените хартии од вредност од страна на издавачот |
| 1 | **Охридска банка АД Охрид** | 1,5%* | 4,81%* |
| 2 | **Стопанска банка Битола АД Битола** | 0,37%** | 0,89%** |

*Состојба на средства на: 22.12.2008
**Состојба на средства на: 24.12.2008

## 1. Охридска банка, АД Охрид

XX седница на Собранието на акционери на Охридска банка АД Охрид се одржа на ден 22.12.2008 година во просториите на Банката, со следниов Дневен ред:

I. Процедурален дел:
1. Отварање на собранието
2. Избор на работни тела
   -Избор на претседавач
   -Верификациона комисија
   -Записничар (нотар) и Комисија за броење на гласови
3. Извештај на Верификациона комисија

II. Работен дел:
1. Утврдување на дневниот ред од работниот дел
2. Усвојување на Записникот од XIX седница на Собранието на акционери
3. Кодекс за корпоративно управување на Охридска банка АД Охрид
   -Предлог-одлука за усвојување на Кодексот за корпоративно управување на Охридска банка АД Охрид

Овластен претставник на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје на XX седница на акционерското собрание на Охридска банка АД Охрид беше Горан Мартиноски – референт во Секторот за управување со средства.

## 2) Стопанска банка АД Битола

XXIII седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Битола се одржи на ден 24.12.2008 година во просториите на Банката, со следниов Дневен ред:

I. Процедурален дел:

1. Отварање на собранието
2. Избор на работни тела
   -Избор на претседавач
   -Избор на двајца бројачи на гласови

II. Работен дел:
   1. Кодекс за корпоративно управување на Стопанска банка АД Битола,
   Со предлог-одлука за усвојување.

Овластен претставник на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје на XXIII седница на акционерското собрание на Стопанска банка АД Битола беше Бојан Стојаноски – Втор генерален директор на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје.

**Б) Посебен дел:**

**1. Охридска банка, АД Охрид**

КБ Прво пензиско друштво АД Скопје преку својот овластен претставник учествуваше на собранието на акционери на Охридска банка АД Охрид одржано на 22.12.2008 година во просториите на Банката.
XX седница на Собранието на акционери на Охридска банка АД Охрид беше одржана за усвојување на Кодексот за корпоративно управување на Банката.
Согласно Закон за Банки, Статутот на Охридска банка АД Охрид, Одлука за корпоративно управување (Сл.весник 159/07), Надзорниот одбор на Банката е должен да подготви и почитува Кодекс за корпоративно управување на Банката.
Собранието на Банката го донесува Кодексот за корпоративно управување на Банката. Кодексот за корпоративно управување на Банката ги опфаќа правилата на управување со Банката и правилата за надзор на управувањето.
Кодексот е предмет на ревидирање најмалку еднаш годишно.

Претставникот на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје на точките од ***процедуралниот дел*** гласаше на следниов начин:

1. Отварање на собранието
2. Избор на работни тела
   -Избор на претседавач – “ЗА”
   -Верификациона комисија - “ЗА”
   -Записничар (нотар) и Комисија за броење на гласови -“ЗА”
3. Извештај на Верификациона комисија - “ЗА”

Истовремено претставникот на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје, Горан Мартиноски беше и претседател на Верификационата комисија.

По точките од ***работниот дел*** претставникот на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје гласаше на следниов начин:

1.Утврдување на дневниот ред од работниот дел -“ЗА”
2. Усвојување на Записникот од XIX седница на Собранието на акционери - “ЗА“
3. Кодекс за корпоративно управување на Охридска банка АД Охрид
-Предлог-одлука за усвојување на Кодексот за корпоративно управување на Охридска банка АД Охрид -“ЗА”

**2. Стопанска банка, АД Битола**

КБ Прво пензиско друштво АД Скопје преку својот овластен претставник учествуваше на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Битола одржано на 24.12.2008 година во просториите на Банката.
XXIII седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Битола беше одржана за усвојување на Кодексот за корпоративно управување на Банката.
Согласно Закон за Банки, Статутот на Стопанска банка АД Битола (член 46), Одлука за корпоративно управување (Сл.весник 159/07), Собранието на Стопанска банка АД Битола на својата XXIII редовна седница одржана на ден 24.12.2008 ја донесе Одлуката за “Кодексот за корпоративно управување на Стопанска банка АД Битола”.
За спроведување на оваа одлука е задолжен Секторот за организација, правни и општобанкарски работи.

Претставникот на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје на точките од ***процедуралниот дел*** гласаше на следниов начин:

I. Процедурален дел:
1. Отварање на собранието
2. Избор на работни тела
-Избор на претседавач – “ЗА”
-Избор на двајца бројачи на гласови – “ЗА”

По точките од ***работниот дел*** претставникот на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје гласаше на следниов начин:

1.Утврдување на дневниот ред од работниот дел -“ЗА”
2. Усвојување на Записникот од XXII седница на Собранието на акционери - “ЗА“
3.. Кодекс за корпоративно управување на Стопанска банка АД Битола,
Со предлог-одлука за усвојување -“ЗА”

КБ Прво пензиско друштво АД Скопје
Генерален директор
Јанко Тренкоски